ISSN 0038-5972

# СОВРЕМЕНОСТ

Број 2 2015
излегува од 1951 година

# СОВРЕМЕНОСТ

## СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

2015

Год. 64, број 2

СОВРЕМЕНОСТ
Списание за литература, култура и уметност
Издавач: Современост, Скопје

Редакција
м-р Славчо Ковилоски, главен и одговорен уредник
м-р Здравко Стојкоски, извршен уредник
Елена Пренџова, уредник

Првиот број на Современост излезе во Скопје, април 1951 година.
Досегашни главни и одговорни уредници:

(1951) - Киро Хаџи Василев
(1951 - 1952) - Владо Малески
(1952 - 1953) - Славко Јаневски, Димитар Митрев и Ацо Шопов
(1954 - 1968) - Димитар Митрев
(1969 - 1982) - Георги Сталев
(1983 - 2002) - Александар Алексиев
(2003 - 2012) - Васил Тоциновски

sovremenost_mk@hotmail.com

# СОДРЖИНА

**ИНТЕРВЈУ**
Горан КАЛОЃЕРА
ДА НЕ ГИ ОБЕЗВРЕДНУВАМЕ ГОЛЕМИТЕ НАПОРИ И ХРАБРОСТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД XIX ВЕК 5

**ТВОРЕЧКА ЛАБОРАТОРИЈА**
Благој САМОНИКОВ
ВИСТИНСКА ПРИКАЗНА БЕЗ ВИСТИНСКИ ПОЧЕТОК И КРАЈ 10

Тодор ЧАЛОВСКИ
БАРАЊЕ СОГОВОРНИК 20

Зоран ПЕЛКОВСКИ
УТРОТО МИРИСА НА ЗРЕЕЊЕ 25

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА
ТАКВА 27

Љерка ТОТ-НАУМОВА
ОДВЕАН МОЛК 30

Мирјана ЃАПО
НЕШТО ЛИЧНО 32

Жарко МИЛЕНИЌ
ЗАЕДНО СМЕ 33

Атанас ЧУПОСКИ
СОНОТ НА СТАРИОТ КОЊАНИК 34

Елена ПРЕНЦОВА
АФОРИЗМИ 36

Иво МИТЕВ
ТОЛКУ СУРОВА 38

Томе ВЕЛКОВ
ЕВАНГЕЛИЕ ЗА НАС 41

**ТЕМА НА БРОЈОТ: ЦРКВАТА И ЦРКОВНОТО ПРАШАЊЕ**
Силвана СИДОРОВСКА-ЧУПОВСКА
ЦРКВАТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ (1912-1913) 45

Драган ЗАЈКОСКИ
ПОЛИСНОТО УРЕДУВАЊЕ ВО ЦРКВАТА ВО МИНАТОТО И ДЕНЕС 53

Борче ИЛИЈЕВСКИ
ПРВ ЦРКОВНО – НАРОДЕН СОБОР
(по повод 70 години од неговото одржување) 59

Славчо КОВИЛОСКИ
ТОДОР КУСЕВ ИЛИ МЕТОДИЈ КУСЕВИЧ: ПРОСВЕТИТЕЛ ИЛИ ДУХОВНИК 65

Златко АНГЕЛЕСКИ
ЗА ХРИСТОВАТА ЦРКВА 73

**ИНТЕРПРЕТАЦИИ**
Александар ТРАЈКОВСКИ
ДРАМАТУРШКО - МУЗИКОЛОШКА ОПСЕРВАЦИЈА НА ЛИКОТ НА МИЛКА ОД ОПЕРАТА „ЗМЕЈОВАТА НЕВЕСТА“ 81

Калина МАЛЕСКА
ПРОБЛЕМОТ НА РЕФЕРЕНТНОСТА ВО *МОЈОТ СКЕНДЕРБЕЈ* И ВО *ДЕЦАТА НА ПОЛНОЌТА* 87

Владимир ЦВЕТКОСКИ
ПОЕЗИЈАТА КАКО ОДРАЗ НА ДЕЈСТВИТЕЛНОСТА – ЕЗРА ПАУНД И ВЕНКО МАРКОВСКИ 94

Софија ТРЕНЧОВСКА
„ЕРИГОН“ КАКО ПРВА ПОСТМОДЕРНИСТИЧКА ДРАМА ВО МАКЕДОНИЈА 104

**РЕТРО**
*ПО ПОВОД 95-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА СЛАВКО ЈАНЕВСКИ*
Димитар МИТРЕВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ: УЛИЦА 108

**ИСЧЕКОРУВАЊЕ**
Виктор ЈАКИМОВСКИ
МЕ ЧЕКАШ, НО ЗОШТО? 115

Зорица ПЕТКОСКА
МАЧКИ: УЛИЧНА ВТОРА 117

**ПРИОПШТУВАЊЕ**
Ју́ Куангчжонг （余光中）
РОДОКРАЕН КОПНЕЖ 119

Шанг ‘Чи́н (商禽)
МИСЛЕЈЌИ СО СТАПАЛАТА 120

Ја ‘Шје́н (痖弦)
ЗМИЈСКА НОЌ 121

**КРИТИЧКИ ПРЕГЛЕД**
Стефан ВЛАХОВ-МИЦОВ
ДОСТОИНСТВЕНА АНАЛИЗА 122

Вера СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ
НАВРАЌАЊЕ КОН БОГАТАТА ЛИЧНОСТ НА НИКОЛА КРЛЕСКИ 127

Ранко МЛАДЕНОСКИ
КОЛУМНИ ЗА АНОМАЛИИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО И КАЈ ИНДИВИДУАТА 130

Васил ТОЦИНОВСКИ
СЛОВЕНОЉУБИЕТО НА ОЛГА ЛАЛИЌ КРОФИЦКА 134

Петко ШИПИНКАРОВСКИ
ПЛОВИДБА НА ПОЕЗИЈАТА ОД ЕДЕН ДО ДРУГ БРЕГ 136

Ивица МАКСИМОВСКИ
БАЈКОВИТИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ВО "ЧОВЕЧУЛЕЦ" И "SИРКАЧОТ" – СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ МЕЃУ ДВЕТЕ ДЕЛА ОД АЛЕКСАНДАР ПРОКОПИЕВ 138

Славчо КОВИЛОСКИ
ПРОМОЦИИ 143

Ранко МЛАДЕНОСКИ
ПРОВОКАТИВЕН ФЕМИНИСТИЧКИ ПОЕТСКИ ДИСКУРС 145

*Ранко МЛАДЕНОСКИ*

821.163.3-92(049.3)

# КОЛУМНИ ЗА АНОМАЛИИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО И КАЈ ИНДИВИДУАТА

(Навраќање кон книгата „Припитомување на правдата“ од Венко Андоновски)

Нашиот познат и од поодамна веќе европски афирмиран автор Венко Андоновски покрај поезија, раскази, романи, драми, книжевно-теориски трудови, како што е познато, пишува и колумни што повеќе од две децении ги објавува во дневните весници „Нова Македонија“ и „Утрински весник“, но и во книги со избрани колумни. Имено, колку што нам ни е познато, досега Андоновски има објавено три книги со избрани колумни – „Кич митологии“ (Култура, Скопје, 2001), „Кич митологии 2“ (Култура, Скопје, 2005) и „Припитомување на правдата“ (Табернакул, Скопје, 2011). Во овој наш осврт се навраќаме кон книгата „Припитомување на правдата“, а единствената причина за ваквото потсетување на оваа книга на Андоновски и тоа неколку години по нејзиното публикување е фактот што најголем број од колумните што се преобјавени како избор во неа и денес се актуелни во однос на ставовите, идеите и, пред сè, пораките што авторот ги нуди во избраните колумни.

Се разбира, колумните што се составен дел на „Припитомување на правдата“ имаат свој историјат. Имено, во декември 2009 година Андоновски стартуваше со нова серија колумни во дневниот весник „Нова Македонија“ со еден општ наслов „Писма до душевадникот“. До крајот на 2008 година Андоновски објавуваше колумни во дневниот „Утрински весник“ со заедничко заглавие „Кич митологии“. Книгата „Припитомување на правдата“, всушност, претставува избор на колумни објавувани од 2006 до 2011 година. Во првиот дел од книгата се понудени колумни од „Писма до душевадникот“ (објавувани од декември 2009 до март 2011 година во „Нова Македонија“), додека во вториот дел се сместени избрани колумни од „Кич митологии“ (објавувани од јануари 2006 до декември 2008 година во „Утрински весник“).

Колумната претставува новинарски жанр во кој авторот периодично (најчесто еднаш неделно на истата страница во одреден весник) изнесува свои мислења (ставови, идеи, предлози и сл.) за одредени општествени прашања. Во однос на етимологијата, терминот *колумна* (лат. *columna*) значи *столб*. Метафоричноста на етимолошката основа на овој термин ја согледуваме во значењето (значајноста) на колумната како „столб во новинарството“, како фундамент на новинарскиот израз. Во таа смисла, односно токму затоа колумнистички простор во медиумите им се дава (или – треба да им се дава!) на афирмирани пишувачи со изграден интелектуален идентитет и авторитет. Еден од таквите, секако, е и професорот Венко Андоновски кој веќе со децении е колумнист на дневните весници „Нова Македонија“ и „Утрински весник“ и кој ги маркира

аномалиите во сите сфери на нашиот македонски јавен живот, но и сугерира автентични решенија за многубројни проблемски прашања. Може да се види тоа безмалку во секоја од колумните на Андоновски, но сметаме дека сугестиите за тоа како најсоодветно да се решат одредени прашања се доминантни во областа на високото образование и, во една поширока смисла, во културата, што е сосема разбирливо затоа што тоа е, всушност, теренот на кој Андоновски работи безмалку три децении.

За кои теми најчесто пишува Андоновски во своите колумни, а кои ја сочинуваат оваа негова трета „колумнистичка“ книга со наслов „Припитомување на правдата“? Тоа се теми што се однесуваат, во буквална смисла на зборот, на сите области од човековиот живот – политика (внатрешна и надворешна), социјала, здравство, образование, култура и, се разбира, во извесна мера и економија. За да се илустрира ваквата теза доволно е само да се погледнат насловите од неколку колумни што се составен дел на оваа книга: „Визи, девизи и кризи“, „Клубот Европа“, „Депонија за знаењето“, „Срам од хонорари“, „Купи си медал“, „Република не може“, „Непросветеноста“, „Дипломиче“, „Уништување на професиите“, „Луциферова лустрација“, „Голи пиштоли“, „Третото дете“ итн. Во сите тие колумни Андоновски регистрира, анализира, критикува, жигосува, но и предлага соодветни решенија за проблемите и од јавната (општеството, колективот) и од приватната (семејството, индивидуата) сфера коишто се од животно значење. И самиот Андоновски во воведната колумна од книгата го потенцира тој карактер на колумните, оние автентичните: „За мене колумната треба да биде животна. Да се сврти кон животот и кон навидум маргиналното, а не кон видливото и наметливото. Таа треба да се спушти во длабочината на егзистенцијата, да ги отфрли агресивните дречливи бои на самомаркетингот, да пронајде херои таму, а не во семиотичката фабрика на идоли – политиката и реалити шоуто. Таа редукција, на која и јас и подлегнував од број во број, беше пресудното нешто што ме оддалечи еве, речиси цела година од поривот наречен колумна. Сега се враќам. Не знам дали ќе успеам да ја остварам колумнистичката формула за која се залагам, но барем ќе пробам. Човековиот живот, впрочем, е обид. Без обидот сè е бесмислено“. Тоа значи дека Андоновски и кон колумната и кон колумнистите има еден критички, но и самокритичен однос.

Во колумните на Андоновски посебно „критичко“ место е посветено на политиката, односно поточно е да се рече на политичките партии – и на оние на власт и на оние во опозиција. На пример, падот на европскиот визен режим за Македонија и не е толку голем успех, како што се обидуваат да го претставаат тоа партиите на власт и партиите во опозиција, затоа што, како што нагласува Андоновски, за визите се потребни и девизи: „Успехот е голем, но е само делумен: сега ќе мораме економски да зајакнеме однатре, за да можеме да ги почувствуваме повластиците од тоа што се случи! Ќе мора да се отрезниме: кревањето на визите не значи – фаќај џаде за Европа, таму те чека црвен килим на кој стапнуваш невработен и гол а излегуваш вработен и облечен. Повторно ќе патуваат најмногу тие што имаат пари. И студентите, ако добијат стипендија“. Во своите колумни Андоновски често дава забелешки за законските решенија што се нудат или, пак се донесени, како што се, на пример, честите несоодветни измени во Законот за високото образование и опасностите од злоупотреба на таканаречениот Закон за лустрација.

Сепак, како што и нагласивме погоре, се чини дека омилена сфера кон која Андоновски најчесто се навраќа во своите колумни е високото образование, а тоа е и сосема разбирливо со оглед на фактот дека тој веќе долго време е универзитетски професор. Една крупна забелешка на Андоновски се однесува на тоа што во македонското високо образование слепо се прифаќаат високообразовни модели од Западот без да се води сметка за суштинското прашање – дали воопшто се и, ако се, колку тие модели се применливи и функционални во нашата економска и социјална средина. Опасностите од бројните нерешени проблеми или од лошите законски решенија во високото образование за кои Андоновски алармира уште во 2010 година, и денес по пет години, демнат над нашите државни и приватни универзитети: „Со систематското уништување на образовниот систем, со спуштањето на критериумите на најниско можно ниво, се доби ужасен ефект на ТИТУЛИРАНА НЕПРОСВЕТЕНОСТ. Сите имаат дипломи, дури и дудуците. Тоа е најголем грев и најголемо 'постигање' на нашава демократија: да ги израмниш учениот и дудукот. Секој втор е магистер, секој трет е доктор на науки. Со тоа што средното училиште се направи задолжително, сега нивото на знаење на средношколците е како на поранешните основци; ако средните школи станаа основни, тогаш факултетите станаа (посебно со дебилно ниските барања на знаење во ЕКТС системот) средни школи; магистратурите станаа обични дипломи за високо образование, а докторатите станаа магистерски. Тој ужасен ефект на девалвација на знаењето и оспособеноста ќе го почувствуваме дури во годините што доаѓаат, затоа што ќе имаме кадри со регуларно заверени и печатирани дипломи со многу, многу мал фонд на знаења“.

Идентичен отворен и остар тон се забележува и во колумните во кои Андоновски критикува многу други аномалии во нашето општество како што се несовесноста и неодговорноста на „презафатените“ родители кон децата, безобразното и безобѕирното продирање на јавната сфера во приватната сфера, распространетата дволичност, конформизмот, негативностите од Интернетот, шовинизмот итн. Притоа, Андоновски нуди мошне аналитички пристап кон проблемите повикувајќи се многу често на бројни авторитети од научната мисла како што се Умберто Еко, Мишел Фуко, Ентони Гиденс, Жерар Женет, Жак Дерида, Жан Франсоа Лиотар, Цветан Тодоров и други. Тоа, секако, зборува за еден сериозен пристап на Андоновски кон колумната како новинарски жанр.

Слободата на изразот, неприкосновеното право да се искаже јасно и гласно (јавно!) сопствената мисла е една од најсуштинските придобивки на демократијата, доколку воопшто и може да зборуваме за некоја автентична демократија во практиката, и тоа не само во балкански и не само во европски, ами и во светски рамки, зашто демократијата многу често е затскриена зад превезот на демагогијата. За таа слобода на изразувањето на мислата отсекогаш најголемата улога ја имале новинарските текстови, и тоа особено колумните. Дека е тоа навистина така покажуваат и колумните на Венко Андоновски во кои веќе долго време се негува и се манифестира токму таа слободна мисла поткрепена секогаш со логички аргументи. Значајна е таа колумна на Андоновски, а во таа смисла и оваа книга со избрани колумни со наслов „Припитомување на правдата“, затоа што таа има една благородна мисија во современиот македонски културен простор – да го промовира, да го негува и да го поттикнува слободниот дух како најав-

тентична вредност на модерниот човек. Тоа е така затоа што младата македонска демократија не е имуна на детските болести од типот „заробен ум“ и „заробена мисла“. Колумните на Андоновски во двеве ипол децении на македонска самостојност, политички плурализам и демократија доаѓаат како лек за тие инфантилни аномалии во нашето општество. Тоа се колумни што денес, во ова наше лицемерно и по малку налудничаво време, доаѓаат за да одиграат една мошне значајна ролја – да ја разбуричкаат интелектуалната зачмаеност во нашиот духовен простор и да го поттикнат прогресот во секоја смисла: и од политички и од економски и од културен аспект. Токму затоа може да се каже дека објавувањето на книгата „Припитомување на правдата“ исполнува една голема празнина во македонскиот културен ареал и токму затоа тоа е книга (како и претходните две со избраните колумни на Андоновски) кон која треба почесто да се навраќаме за да не заборавиме дека сме должни да ја негуваме и да ја практикуваме слободната мисла која нè прави луѓе во изворната смисла на тој збор.

СОВРЕМЕНОСТ
Списание за литература, култура и уметност
Издавач: Современост, Скопје

Управен одбор
Мишо Китаноски, претседател
Горјан Петревски
Славчо Ковилоски
Васил Дрвошанов
Дејан Методијески

Надзорен одбор
Томе Велков, претседател
Радован П. Цветковски
Маја Боцевска

Компјутерска подготовка, лектура и печат
Академски печат, Скопје

Материјалите до еден авторски табак се доставуваат по е-маил или ЦД, заедно со печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman или фонт Pulstajms7 за кирилично писмо и Times New Roman за латинично писмо. Другите користени фонтови да се испратат по е-маил или да се снимат на ЦД.
Ракописите не се рецензираат, не се хонорираат и не се враќаат.

Адреса: Списание „Современост“, Скопје,
ул. Франклин Рузвелт 8, пош. фах 221.
Чек с/ка 300000001185473,
Даночен број 4030988132811
Комерцијална банка а.д. Скопје

СОВРЕМЕНОСТ

**СОВРЕМЕНОСТ**

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ
ул. Франклин Рузвелт 8, пош. фах 221
sovremenost_mk@hotmail.com